E-COMMERCE
Macedonian Association

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

## АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА, АЕТМ

Извештај за работата на АЕТМ за период Јануари-Декември 2018 година

Јануари 2019, Скопје

# ГРАДЕЊЕ НА ИДНИНА ЗА Е-ТРГОВИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

*"Ние веруваме дека иднината за подобра Македонија лежи во дигитална држава и паметно општество, а е-трговијата е составен дел од таквото општество."*

Д-р Нина Ангеловска
Претседател,
Асоцијација за е-трговија на Македонија



Асоцијација за е-трговија на Македонија,
ул. Лермонтова 3/6, 1000 Скопје info@ecommerce.mk
www.ecommerce.mk

# Предговор

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија е прва и единствена асоцијација која се стреми кон инклузивна е-трговија. Нашата мисија е да креираме иднина за раст и развој на е-трговијата во Република Македонија. Асоцијацијата има за цел да ги поддржи интересите на компаниите за е-трговија како и сите засегнати компании и организации, да придонесе кон знаењето за е-трговија и негово прошиурување вклучувајќи ги поврзаните услуги и технологии и да ги намали и елиминира бариерите кои го ограничуваат растот и развојот на индустријата. Преку најразлични активности како што се обуки и истражувања, лобирање и информирање асоцијацијата се стреми да изгради поволна околина за раст на е-трговијата во Македонија. Асоцијацијата беше основана во декември 2017 година и за помалку од една година успеа да ја добие довербата од речиси 60 компании кои станаа нејзини членови и поддржувачи. Својата препознатливост ја изгради преку масовни едукативни активности како и медиумска присутност во ТВ емисии и интервјуа преку кои ја подигна свеста за тоа колку е важна е-трговијата за развојот на економијата на Македонија. Министерството за Информатичко Општество и Администрација, Народната Банка на Република Македонија, како и Царинската Управа ја поддржаа иницијативата за формирање на асоцијацијата уште од самите почетоци станувајќи почесни членови на асоцијацијата. Потребата ја препознаа и бројни други организации, меѓу кои и Фондот за иновации и технолошки развој и Mastercard кој беше главен поддржувач на извештајот од анализата на е-трговијата и на првата конференција за е-трговија во Македонија.

Работата во текот на 2018 година беше фокусирана кон кревање на свеста за важноста на е-трговијата, кон мапирање на предизвиците, кон креирање на препораки за раст на индустријата и кон едуцирање и информирање на јавноста, бизнисите и организациите. Започнавме со голем ентузијазам благодарение на довербата која ни ја укажаа сите компании, организации, владини институции и индивидуалци кои се приклучија здружено да делуваме кон подобро утре за е-трговијата во земјава. Со креирањето и објавувањето на сеопфатниот извештај од анализата на е-трговијата насловен “Подготвеност, потенцијал, фактичка состојба, бариери и препораки за развој на е- трговијата во Р. Македонија” ги мапиравме проблемите и креиравме препораки за надминување на истите. Организиравме повеќе едукативни настани и потпишавме бројни меморандуми за соработка со институции и организации засегнати од проблематиката. Ја приклучивме асоцијацијацијата кон европските асоцијации за е-трговија. Ја организиравме првата годшина конференција за е-трговија во Македонија под мотото “еТрговија: еИднината за еМакедонија”, преку која заеднички покажавме дека Македонија има расположение за промени и раст на е-трговијата.

Овој извештај содржи краток осврт на реализираните активности и работата на АЕТМ во текот на 2018г.

# Кој е засегнат?

Потребен е холистички пристап од сите засегнати страни со цел здружено да делуваме кон одржлив раст во оваа индустрија.



# Изминати настани и проекти / 2018

## #1 Годишно собрание [март]

На годишното Собрание кое се одржа во Хотел Порта, присуствуваа дваесет и три претставници од компаниите – членки на АЕТМ каде се разменија идеи, коментари и предлози што се однесуваат на предизвиците на е-трговијата во различни индустрии. Сите членови добија шанса да разменат контакти и да ја запознаат визијата и програмата за 2018 година на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија.



# #2 Прес-конференција – Launch & Brunch [Март]

Основањето на асоцијацијата беше претставено во март за време на прес-конференцијата каде што на јавноста и беа презентирани мисијата, визијата и програмата на АЕТМ. Министерот на Информатичко Општество и Администрација, **г-дин Дамјан Манчевски**, Гувернерот на НБРМ, **г-дин Димитар Богов** и регионалната директорка на Mastercard **г-ца Вања Манова** се обратија пред присутните изразувајќи ја својата поддршка кон е-трговијата во Македонија. Амбасадорот на Обединето Кралство, **H.E. Mr. Charles Garrett** и Амбасадорот на Кралството Холандија, **H.E. Mr. Wouter Plomp** беа помеѓу истакнатите гости во публиката кои ја дадоа својата поддршка и признание.

Во оваа пригода, Претседателот на АЕТМ сподели статистички податоци за развојот на е-трговијата во Македонија и го најави првиот проект на асоцијацијата кој ќе претставува сеопфатен извештај за е-трговијата во Република Македонија.




**“За да знаеме каде сакаме да бидеме “утре“, за да можеме да дејствуваме на структуриран начин, да создаваме планови и политики, мора да знаеме каде сме денес.“** – додаде Нина Ангеловска



# #3 Градење капацитети: “Ladies in E-commerce” [Април]

“Ladies in eCommerce” беше дводневен едукативен настан кој се состоеше од тренинзи и работилници во полето на е-трговијата. Главната цел беше да се обезбеди знаење за е-трговијата што ќе придонесе кон зголемување на капацитетите и конкурентноста во ММСП, земајќи ја во предвид родовата димензија. Агендата вклучуваше 13 предавања и 2 работилници одржани од 15 предавачи (10 локални предавачи од македонски компании и 5 предавачи донесени благодарение на подршката од Swiss EP). Имавме 34 учесници од 27 компании и 2ца поединци, кои активно учествуваа во тренинзите преку учеството во квалитетни дискусии.



Некои од темите кои беа опфатени се: Растот на е-трговијата во Македонија; Плаќања во е-трговијата; Достава; Правна и регулаторна рамка; Дигитален маркетинг; Email маркетинг; Growth Hacking; Facebook & Instagram реклами; како и можности за жените во е-трговијата.

# #4 UNCTAD Ecommerce Week [Април]

UNCTAD's E-Commerce Week е водечки форум за Министри, високи владини претставници, интернационални организации, развојни банки, академци и цивилно општество, каде се дискутираат можностите за развој и предизвици поврзани со развојот на дигиталната економија. Под темата “Development Dimensions of Digital Platforms”, E-Commerce Week 2018 ја истражи растечката улога на дигиталните платформи и конкретните чекори за искористување на овие развојни технологии за одржлив развој.




Претседателот на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, Нина Ангеловска ја претставуваше Македонија на **првиот глобален собир на Асоцијации за е-трговија** на **eCommerce Week.** Лидерите на асоцијациите ги дискутираа предизвиците со кои се соочуваат нивните држави, разменија искуства и споделија најдобри практики. Како додаток на дискусијата Нина направи кратко видео со претставниците на асоцијациите од Бразил, Таиланд, Русија, Бангладеш, Хрватска, Јужна Африка и Србија за да ги откријат главните предизвици кои го попречуваат растот на е-трговијата во секоја држава.

Еден од најголемите предизвици со кои се соочува Македонија е **ниското ниво на дигитални вештини** и **недостаток на капацитети** за е-трговија, а некои од предизвиците со кои се соочуваат другите држави вклучуваат инфраструктура, регулатива, логистика, системи за плаќање, јазични бариери, безбедност и високи цени за транспорт.

Погледнете го видеото за да ѕирнете во атмосферата на UNCTAD eCommerce Week, за да ги запознаете делегатите и за да чуете повеќе за предизвиците на нивните држави.

# #5 Промоција на Извештајот од анализата за е-трговија на Република Македонија [Јуни]




После петмесечна напорна работа и интензивно истражување, на 21 јуни го објавивме и промовиравме Извештајот од сеопфатната анализа за е-трговија со назив: **“Подготвеност, потенцијал, фактичка состојба, бариери и препораки за развој на е-трговијата во Р. Македонија”.**

Извештајот овозможува увид во моменталната состојба на е-трговијата во Македонија, вклучувајќи споредби со земји членки на ЕУ(28); мапирајќи ги предизвиците кои следат на патот кон развојот на е-трговијата; формулирајќи конкретни перпораки и мерки кои придонесуваат кон побрз развој на индустријата. Реализацијата на анализата беше овозможена со подршка на Mastercard кои ја препознава потребата да се анализира потенцијалот за развојот на е-трговијата, како и детектирањето на постојните пречки како основа за напредување.




Извештајот е изработен на 132 страници и е стрктуриран во 3 делови. **Првиот дел** ја анализира подготвеноста на Македонија за е-трговија земајќи ги во предвид четирите столбови: ИКТ, платежни системи, достава и регулаторната рамка заменети со неколку клучни индекси кои претставуваат пристап кон подготвеноста на државата за е-трговија, **вториот дел** ја разгледува реалната ситуација во Македонија преку анализа на македонскиот е-купувач и моменталната понуда на пазарот, преку анализа на македонските е-трговци, додека **третиот дел** е посветен на конкретни **препораки за да се елиминираат пречките во е-трговијата,** со цел да се креира погодна клима за раст и развој на е-трговијата.

Прочитај повеќе во целосниот натпис од Претседателот на АЕТМ на LinkedIn
Погледни го видеото од промотивниот настан на YouTube

# #6 Меморандум за соработка со Царинска Управа на Република Македонија [Јуни/Јули]

Царинската Управа на Р.М. игра важна улога во прекуграничната е-трговија. Според индексот (индикатор) за перформанс на логистика, кој го покажува капацитетот и квалитетот на компаниите за логистика и достава, Македонија е рангирана на 106-то место од вкупно 159 земји од целиот свет, со многу мала оценка од само 2.51 поени (Светска Банка, 2016).

Меморандумот за соработка, кој воедно претставува и зачленување на Царинската Управа на Р.М. како почесен член во Асоцијацијата за е-трговија, беше потпишан од страна на Претседателот на Асоцијацијата за е-трговија на Р.М. Г-ца Нина Ангеловска и директорот на Царинската Управа на Р.М. Г-дин Ѓоко Танасоски.

Потписниците на меморандумот се очекува да остварат соработка преку размена на релевантни информации во полето на е-трговијата, взаемно да допринесат кон развој на соодветни програми за е-трговијата и за потребите на корисниците на услугите, а исто така се очекува да остварат соработка преку размена на постоечки и нови искуства релевантни во полето на е-трговија и засегнатите целни групи.

Асоцијацијата ќе работи со Царинската Управа на Р.М. за да ги подобри и упрости процедурите за домашните е-трговски компании, со што ќе се зголеми компетитивноста на локалните е-трговци и ќе им се помогне меѓународно да ги продаваат своите продукти.



# #7 Настан со Царинска Управа за ПРЕКУ-ГРАНИЧНА Е-ТРГОВИЈА [Септември]

На 13ти септември, Асоцијација за е-трговија на Македонија, во соработка со Царинската Управа и DHL организираше едукативен настан каде што е-трговците имаа можност да слушнат за поедноставените царински постапки директно од претставници од Царинската управа, како и за важноста на доставата за е-трговијата и процесот на испорака. Организацијата на настанот произлезе од потребите на е-трговците изнесени при изготвувањето на сеопфатната Анализа за е-трговијата во Македонија, објавена од страна на Асоцијацијата во средината на оваа година. Настанот беше наменет за сите е-трговци и компании кои што продаваат или сакаат да ги продаваат своите производи на странски пазари. Учеството на настанот беше бесплатно за сите заинтересирани страни, а истиот се оддржа на 13ти Септември во просториите на Фондот за иновации и технолошки развој, како поддржувач на иницијативата. Во агендата беа содржани две излагања/презентации од страна на преставници од Царинската Управа (Златко Ветеровски и Офелија Бајо) и DHL (Марина Антова), проследени со прашања од публиката. Покрај презентациите поздравни обраќања одржаа и претседателот на АЕТМ, Нина Ангеловска, директорот на Царинската Управа, Ѓоко Танасоски и директорот на Фондот за Иновации, Јован Деспотовски. По презентациите следеше networking дел со што вкупното времетраење на настанот беше 3 часа.

На информативната работилница присуствуваа околу 80 учесници, додека вкупниот број на пријавени изнесуваше над 106. По настанот беше спроведена анкета за оценување на задоволството на учесниците која ја одговорија 13 учесници. На скала од 1 до 5 просечната оцена за целокупното задоволство изнесуваше 4.3.



# #8 Меморандум за соработка со ФИНКИ [Септември]

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство–ФИНКИ потпишаа меморандум за соработка со цел заеднички да придонесат кон развојот на е-трговијата и развивањето на способностите, дигиталната писменост и градењето капацитети во секторот за е-трговија во Македонија.

Меморандумот за соработка го потпишаа претседателот на АЕТМ, д-р Нина Ангеловска, и деканот на ФИНКИ, проф. д-р Иван Чорбев, а со ова ФИНКИ стана и почесен член во асоцијацијата.

Потписниците на меморандумот соработката ќе ја остваруваат преку споделување релевантни информации од областа на е-трговијата, заеднички ќе придонесуваат за развојот на соодветни програми од областа на е-трговијата за потребите на корисниците на услугите, како и преку споделување на тековни и нови искуства релевантни за областа на дејствување и соодветната целна група.

Со ова и двете страни укажуваат на меѓусебна соработка, со која ќе придонесат кон подобрување на е-трговија, каде што како еден од проблемите за развој претставува и едукацијата на крајните корисници и малите и средните претпријатија за инволвирање во е-трговија.



# #9 Прва годишна конференција за е-трговија во Македонија [Октомври]

На 26ти Октоврми 2018 година во Hotel Marriott се одржа првата конференција за е-трговија во Република Македонија. Темата на конференцијата беше **"Е-трговија: Е-иднината за Е-Македонија**!", инспирирана од нашето верување дека иднината за подобра Македонија е во дигитално и смарт општество, а е-трговијата е интегрален дел од едно такво општество.







Е-трговија може да биде клучен двигател за економскиот раст на една земја, за отварање на нови работни места и зголемување на продуктивноста. Мисија на конференцијата беше да ги донесе сите засегнати страни на едно место, да се сретнат, да споделат знаења и искуства и со тоа да ја подигне свеста за важноста на е-трговија и да ги адресира предизвиците кои го попречуваат развојот.

Сеопфатната агенда вклучуваше четири главни теми: развој, плаќања, достава и маркетинг и го следеше природниот тек на синџирот на е-трговијата. Имено, ако една компанија сака да продава онлајн, таа мора да ги привлече, ангажира и здржи потенцијалните купувачи (маркетинг), да изврши наплата (плаќања) и потоа да го испорача производот (достава). Темите беа организирани во седум главни презентации за развој и маркетинг во е-трговијата и четири интерактивни панел-дискусии со фокус на е-трговците, плаќањата и испораката. Триесет говорници кои доаѓаа од осум земји земаа учество во излагањата и панел дискусиите. Како дел од говорите за отворање на конфенрецијата свои обраќања имаа Министерот за информатичко општество на РМ, г-дин Дамјан Манчевски, директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, г-дин Јован Деспотовски и регионалната директорка на Mastercard, г-ѓа Вања Манова.






Конференцијата ја поддржа повеќе компании и организации. Главен партнер на конференцијата беше Mastercard, златен спонзор DHL, сребрени спонзори беа ЕВН Македонија, Sport Vision и Accent Media и бронзени спонзори беа EcoLogistics Service и FaktorTrust.

Фондот за иновации и технолошки развој беше главен поддржувач на конференцијата, а дополнително подржувачи беа и Mccann Skopje, Marriott Skopje, Swiss Contact EP програмата, KLS Events, Винарија Стоби, Горска вода, Grouper и IWM Network.

Главни медиумски партнери беа City Radio, Kanal 77, Time.mk, It.mk и Bankarstvo.mk а самата конференција беше покриена медиумски од речиси сите домашни телевизи.

На конференцијата присуствуваа 400 гости од 120 компании. Дополнително имаше претставници од 7 банки, 6 невладини организации, 8 владини институции и 6 факултети и универзитети.

На прашалникот за оценување на задоволството, над 88% од учесниците се изјасниле дека конференцијата ги пресретнала или надминала нивните очекувања давајќи високи оцени (4 и 5, на сакала од 1 до 5) за целокупното задоволство од конференцијата.

**Петте главни заклучоци кои произлегоа од конференцијата беа:**

1. Е-трговијата и дигитализацијата се потреба, затоа треба едукација
2. Регулативата треба да ги следи потребите на бизнис заедницата, а не обратно
3. Потребна е подобра понуда и конкуренција
4. Фин-тек иновациите треба да настапат на сцена
5. Имаме бројни предизвици со достава и логистика

Целиот објавен текст за заклучоците од конференцијата може да го прочитате тука




Погледнете го видеото од конференција>>> ТУКА

# #10 Меморандум за соработка со Економски Факултет, при УКИМ [Ноември]

Со поптпишување на меморандумот за соработка со Економски факултет-Скопје ја зголемивме соработката со високо образовните институции, со цел креирање на клима за соработка помеѓу акедемијата и бизнис секторот. Дополнително инволвираноста на студентите може да има значајна улога за забрзување на развојот на е-трговијата и придонес кон поголеми знаења од оваа област како интегрален дел од процесот на дигитализација.

Меморандумот за соработка го потпишаа проф. Д-р Љубомир Дракулевски, декан на Економски факултет–Скопје и Д-р Нина Ангеловска, претседател на АЕТМ. Со ова Економскиот факултет при УКИМ, Скопје стана петтиот почесен член во АЕТМ покажувајќи ја отвореноста за соработка за придонес кон решавање на еден од клучните проблеми во е-трговијата - ниската дигитална писменост. АЕТМ и Економскиот факултет заедно ќе работат за кревање на ниското ниво на дигитални вештини и компјутерска писменост, како и за градење на капацитети во секторот за е-трговија во Република Македонија.



# #11 Меморандум за соработка со МАСИТ [Декември]

Меморандумот за соработка со Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ беше последниот потпишан меморандум во 2018та година, а со цел заеднички придонес кон развојот на е-трговијата, дигиталните вештини, дигиталната писменост и градењето на капацитети во секторот за е-трговија. Соработката помеѓу МАСИТ и АЕТМ е од големо значење за надминување на клучните предизвици на патот кон дигитализацијата за Република Македонија. Фокусот ќе биде на подигнување и прогрес во целокупното ниво на дигитални вештини и компјутерска писемност на населението, но и на бизнисите.

Меморандумот за соработка го потпишаа претседатот на АЕТМ, Д-р Нина Ангеловска и Извршниот Директор на МАСИТ, Анита Никова Бундовски.



E-COMMERCE
Macedonian Association

# #12 Една година АЕТМ & Предновогодишна прослава [Декември]

На самиот крај на оваа успешна и прва година од основањето на АЕТМ, со своите членови, соработници, пријатели и партнери во духот на предновогодишното расположение, заеднички наздравивме, прославивме и си посакавме уште подобри и поуспешни моменти во 2019 година.



# Реализирани настани во 2018г.




# ПРЕС: АЕТМ во медиумите!

Нашата работа беше објавена во ТВ вести, емисии, натписи, списанија и веб портали. За време на периодот Јануари - Декември 2018, преку 210 натписи беа објавени во повеќе од 40 веб портали, списанија и весници, а нашите настани беа покриени од скоро сите национални телевизии (Телма, Сител, Алсат, ТВ21, 24 вести, МРТВ, Канал 5, Алфа).



TIME.MK ГО СЛЕДИ СВЕТОТ

Пребарување
Обновено во 12:24

Вести | Спорт | Магазин | Најнови вести | Изв

Резултати: 120 вести
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

асоцијација за е трговија | 01.01.2018 - 31.12.2018

Нина Ангеловска, претседател на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија
Опсервер - 26.12.2018
Нина Ангеловска, претседател на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија и извршен директор и ко-основач на grouper.mk , од неодамна „Сајт на годината за 2018" во предновогодишното интервју за МИА зборува за развојот на е -трговијата во Македонија, ...

Асоцијацијата за е-трговија на Македонија и МАСИТ потпишаа меморандум за соработка
USB - 21.12.2018
Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ) и Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, денеска потпишаа меморандум за соработка, со цел заеднички да придонесат кон развојот на е-трговијата и развивањето на ...

Ретроспектива на работата Асоцијацијата за е-трговија на Македонија во изминатата година
IT.mk - 21.12.2018
Изминатава недела Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ) во присуство на своите членови, соработници и партнери во духот на предновогодишното расположение, ја одбележа годишнината од нејзиното формирање.

| Тема | Објавени вести | Медиуми (Онлајн, печатено и ТВ) |
|---|---|---|
| Ретроспектива на работата Асоцијацијата за е-трговија на Македонија во изминатата година | 3 | **[ТВ]** Ситeл, Канал 5, Телма, Алсат, ТВ 24, Алфа<br><br>**[Портали и магазини]** MIA.mk, Bankarstvo.mk, Denar.mk, BiznisInfo.mk, Popularno.mk, Makfaks.mk, BI.mk, MakModa.mk, Faktor.mk, Inovativnost.mk, It.mk, Standard.mk, Kapital, PlusInfo.mk, Meta.mk, A1ON, MKD.mk, eMagazin.mk, Netpres, Lokalno, Makpress.mk итн. |
| АЕТМ и МАСИТ преку меморандум за соработка со заеднички заложби за подобра е-трговија во Република Македонија | 7 | |
| За што го користеле интернетот граѓаните на Македонија во 2018 година? | 17 | |
| Асоцијацијата за е-трговија на Македонија и Економскиот факултет при УКИМ потпишаа меморандум за соработка | 10 | |
| Пораст на онлајн нарачките и купувањата во Македонија за 62%! | 8 | |
| Граѓаните да внимаваат при нарачување на „Фејсбук“ – предупредуваат од Пазарниот инспекторат | 7 | |
| Во преполна сала и во одлична атмосфера започна првата конференција за е-трговија во Македонија | 42 | |
| Повеќе од 30 говорници од 9 држави ќе учествуваат на првата Конференција за е-трговија во Македонија | 16 | |
| ФИНКИ и АЕТМ со заеднички заложби за подобра е-трговија | 9 | |
| Информативна работилница за царински постапки и извоз во е-трговија | 7 | |
| Во продажба првите 100 билети по поевтина цена за конференцијата за е-трговија | 9 | |
| Во октомври ќе се одржи првата конференција за е-трговија во Македонија | 10 | |
| Македонската Асоцијација за е-трговија потпиша меморандум за соработка со Царинската Управа на РМ | 11 | |
| Едукацијата и градењето капацитети клучни за развој на е-трговијата во Македонија | 13 | |
| Ангеловска ја презентираше Македонија на 1от Глобален состанок на Асоцијации на UNCTAD eCommerce Week во Женева | 7 | |
| Македонската Асоцијација за е-трговија започна со градење на капацитети за е-трговија | 7 | |
| Македонската Асоцијација за е-трговија го презентираше својот план и програма | 17 | |
| Се одржа првото собрание на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија | 7 | |
| Формирана првата асоцијација која ќе се залага за развој на е-трговијата во Македонија | 9 | |

# Нашите членови во 2018г.

## Почесни членови:

## Премиум членови:

## Членови:

# Меѓународни соработки: Асоцијација за е-трговија на Македонија е член на EMOTA и Ecommerce Foundation

The European eCommerce & Omni-Channel Trade Association (EMOTA) ги претставува интересите на е-трговијата и omni-channel трговците низ Европската Унија. Многу правила, стандарди и регулации се поставуваат во Брисел од страна на Европските институции кои директно влијаат врз интернет продажбата и врз е-трговскиот ланец на достава низ ЕУ. Затоа, нашата мисија е да работиме со оние кои носат закони и со други засегнати страни за да ја подобриме законодавната средина за прекугранична соработка и да ги отстраните бариерите за трговија во ЕУ: од данок до хармонизација на договорни правила.

**Нашиот претседател, Нина АНгеловска е Board Member во EMOTA**
https://www.emota.eu/about/emota-board

E-commerce Foundation е независна непрофитна организација, иницирана на светско ниво од страна на националните асоцијации за е-трговија, компании кои продаваат на интернет и omni-channels од индустрии како продажба, патување и финансии.

**Нашиот претседател, Нина Ангеловска е член на Board of Advice**
http://www.ecommercefoundation.org/our-board